Нев. 86 ст. 4
ој 3. шуми

До

Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство
-За министер Љупчо Николовски

Предмет: Барање информација и предлог иницијатива за измена на Закон за шуми

Од Целе и Владо Мицковски од с.Вранештица општина Кичево

Почитуван министер!

Ве молиме да ни дадете известување дали планирате,или евентуално е во тек процедура за измена на Законот за шуми во делот на член 67 став 4 кој гласи: " Одобрение за сеча во приватна шума може да се издаде само на основа на заедничко барање од сите сосопственици ",

**насока – за измена на Законот за шуми**

**дека одобрение може да поднесат и сосопственици или сосопственици кои имаат повеќе од половина од вредноста на стварта , со обврска на малцинските сосопственици да има ја исплатат или депонираат вредноста која одговара на висината на нивниот сосопственички дел. УПРАВУВАЊЕ ВРЗ СТВАРТА ДА ИМААТ МНОЗИНСКИТЕ СОСОПСТВЕНИЦИ!**

Доколку во тек нема процедура за измена , предлагаме иницијатива за измена во горната насока.

Причини:Најпво ќе се одстрани огромна и непремостлива пречка на физичките лица кои се сосопственици во огромен дел на недвижноста, дури и над 90 %, да не можат да го остварат своето право на управување врз стварта што е во спротивност на член 36 став 1 од Законот за сопственост и други стварни права , кој гласи: "За превземање работи за редовно управување со стварта е потребна согласност од сосопственици чиишто делови претставуваат повеќе од половина на вредноста на стварта "

Во пракса, сосопственици со далеку поголемо учество во сосопственоста од половина, се доведени во ситуација, поради објективни и субјективни причини , да неможат да поднесат барање , а со тоа и неможат да управуваат со својот имот како сопственици, што во крајна линија е повреда и на

темелната вредност на уставот за гарантирање на правото на сопственост и на слобода на пазарот и претприменииштвото и ограничување на економското уставно право дека сопственоста е основа во управувањето и учество во одлучувањето.

Објективни причини се повеќе , и најчеста е ,поради подолготрајно одстатсво од државата и смрт на одредени сосопственици , а кои се во странство или прекуокеанските земји, а со мали делови, сосопственик со повеќе од 1/2 од стварта едноставно нема права да бара сеча од целиот имот, а во меѓувреме, поради слабото чување на шумите, сосопствениците се неми сведовци на пустошење на шуми од шумска мафија, што е случај со Нас како подносители на барањево, кои последниве 4 и повеќе години имаме претрпено огромна штета од шумска мафија а до денес од страна на надлежните за чување и контрола на шума ,ниту од МВР, нема одкриено сторител на штетата .

Субјективните причини се тоа ,што неретко сосоптвеници со минорни делови не се заинтересирани да спроведат оставина, а има ситуации на живи сосопственици на минорни делови кое не сакаат или добегнуваат да поднесат сосопственичко барање поради незначителна вредност на нивниот дел или најчесто поради нарушени лични односи. Овие сосопственици на мал дел, на одреден начин се во повластена ,дури и монополска позиција, и како малцинство со својата пасивност едноставно одлучуваат за управување со целиот предмет спротивно на мнозинските сосопственици, што во крајна линија е и недемокртски.

Во пракса поради постојнава одредба од член 67 став 4 Законот за шуми , денес масовно не се почитува процедурата за легални барања за одобрение за сеча,поради нејзина бариеара и голема неправда кон приватни спственици, и молчешкум во тој дел од законот со голем субјективизам и волунтаризам, од надлежните за заштита и надзор врз шумите, за одредени лица се молчи за сеча од приватна шума а за одредени лица се поднесуваат пријави за прекршоци за сеча од сопствен имот.

Кичево
01.11.2023 година

барателi : Целе Мицковски
Владо Мицковски